# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 22 Февруари 2005 година<br>Службен гласник број 4<br>Овој примерок чини 150 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СТАТУТОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Статутот за изменување на Статутот на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/1
22.02.2005 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргапоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02.2005 година, донесе:

**С Т А Т У Т**
**за изменување на Статутот на Општина Прилеп**

Член 1

Во Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) во член 2 ставот 2 се менува и гласи:

"Подрачјето на Општината е утврдено со Закон и ги опфаќа подрачјата на градот Прилеп и селата: Алинци, Беловодица, Беровци, Бешиште, Бонче, Вепрчани, Веселчани, Витолиште, Волково, Врпско, Галичани, Голем Радобил, Големо Коњари, Гуѓаково, Дабница, Дрен, Дуње, Ерековци, Живово, Загорани, Кадино Село, Кален, Канатларци, Клепач, Кокре, Крушевица, Крстец, Леништа, Лопатица, Мажучиште, Мал Радобил, Мало Коњари, Мало Рувци, Манастир, Марул, Никодин, Ново Лагово, Ореовец, Пештани, Плетвар, Подмол, Полчиште, Прилепец, Присад, Ракле, Селце, Смолани, Старо Лагово, Топлица, Тројаци, Тополчани, Тројкрсти, Царевиќ, Чаниште, Чепигово, Чумово, Шелеверци и Штавица."

Член 2

Членот 53 се менува и гласи:

"Член 53

За заштита и остварување на правата на потрошувачите во однос на заштитата на здравјето, безбедноста, економските интереси и за нивно редовно информирање во остварувањето на нивните права се формира Совет за заштита на потрошувачите."

Член 3

Во член 54 став 3 зборовите: "2 години" се заменуваат со зборовите: "4 години".

Член 4

Овој Статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 237/2
15.02.2005 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЛ ОД ПЛАНОТ ЗА ГРАДСКИ ПРЕВОЗ, СО МРЕЖА НА ЛИНИИ НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Одлуката за реализација на дел од Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/2
22.02.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 15.02.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за реализација на дел од Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп

Член 1

За реализација на дел од Планот за градски превоз, со мрежа на линии на град Прилеп за поставување на автобуски постојки се определуваат локалитети и тоа:

1.На Булевар "Маршал Тито" пред "Ластрада" и поранешен "Астибо", и

2. На ул. "Марксова" пред Економски факултет и пред уредот.

Член 2

Одлуката да се достави до Градоначалникот, Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и архивата на Општина Прилеп.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07- _237/3
15.02.2005 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ И ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување и изменување на Програмата за урбанистички планови за 2005 година , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -269/3
22.02.2005 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 22 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. бр.4/96,28/97,18/99, 53/01, 45/02), член 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистичките планови (Сл.в. на РМ бр. 2/02) и член 22, 36 и 95 од законот за Локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр. 5/02), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 15.02. 2005год. донесе :

**Програма за дополнување на ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА**

**А. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊА , ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИ

1. - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **4**; Урбан блок 4/1 ; урбан модул 1. со граници од ул."Раде Иваноски", "Тризла" , водотек и површина со друга намена.
2. - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **5**; Урбан блок 5/1; урбан модул 3. со граници ул. "11 Октомври", ул."Мице Козар", ул."Борис Кидрич" и ул."Крсте Мисирков".
3. ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **8**; Урбан блок 8/1; урбан модул 4. со граници ул. "Јоле Андоноски", ул. "Бидимаш", бул. "Маршал Тито и пешачка патека.
4. ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **17**; Урбан блок 17/4; урбан модул 4. со граници ул.

"Козара", ул. "Никола Тесла", бул. "В -та Прилепска Бригада" и пешачка патека.
5. ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **4**; Урбан блок 4/1, 4/2 и 4/3 со можност на поделба на помали урбани модули.
6. ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **5**; Урбан блок 5 со можност на поделба на помали урбани модули.
7. ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **20;** Урбан блок 20/4, урбан модул 1 ул."Осоговска" и новопланирани улици.

Број 07 - 237/ 4 — ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година — на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п — Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАД ПРИЛЕП ЗА УАЕ 9, УРБАН БЛОК 9/1 ЗА КВАРТ 1 И КВАРТ 2**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп за УАЕ 9 ,Урбан блок 9/1 за кварт 1и кварт 2, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/4 — ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година — на Општина Прилеп
П р и л е п — Сашо Пиргановски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1 точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 15.02.2005 година донесе :

ОДЛУКА
За донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп за Урбан блок 9/1 за кварт 1и кварт 2.

Член 1
Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 9/1, за кварт 1 и кварт 2, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.
Планот го опфаќа локалитетот означен како Урбан блок 9/1, за кварт 1 и кварт 2 со граници: ул."Димо Наредникот". ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито".

Член 2
Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:
- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :
Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2003/2004год.
- Нацрт план на ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот". ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-348/1 од 17.03.2004год.
- Стручна ревизија на Нацрт планот, ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот". ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-348/2 од 17.03.2004год.
- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот; ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот", ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-348/3 од 17.03.2004год.
- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот", ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-359/2 од 16.04.2004год.
- Стручно мислење од Главниот архитект на градот, по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот", ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-359/3 од 19.04.2004год.
- Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот". ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-753/1 од 09.06.2004год.
- Соопштение за организирање на Јавна анкета по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот". ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-535/6 од 09.06.2004год.
- Извештај за Јавната анкета за Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот", ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-535/9 од 19.07.2004год.
- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9

- Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот". ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-535/12 од 27.12.2004год.
- Брање на согласност бр. 24-535/13од 28.12.2004год.
- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје со бр. 13-17844 од 12.01.2005година и наш бр. 24-181/1 од 09.02.2005 година.
- Комплетен примерок од Предлог планот, ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 1 и 2 со граници : ул."Димо Наредникот" ул. "Ленин", ул. "Марксова" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-535/11 од 24.12.2004год.

**ДУП за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1 - кварт 1 и кварт 2 - Прилеп**

- Планиран развој -

Текстуален дел :

1. Вовед
2. Граници и површина на опфат
3. Просторен концепт
4. Поделба и нумерација на урбани модули
5. Намена на површини со билансни показатели по урбани модули
6. Сообраќајно решение
7. Нивелманско решение
8. Мерки за заштита
9. Електро-енергетика и ПТТ инсталации
10. Хидротехничка инфраструктура
11. Основни праметри за уредување на просторот

Графички дел

1. Синтезен приказ 1:1000
   - намена на површини,
   - парцелација, зони за градба и дозволени висини
2. Синтезен приказ (инфраструктурни системи) 1: 1000

- Документациона основа - прилог на планот - за УБ 9/1 кварт 1и 2 и кварт 3 и 4.

Текстуален дел :

1. Цел, значење и метод на изработка на проектот
2. Хронологија на планирање на просторот
3. Местоположба, граници и површина и сообраќајна поврзаност
4. природни карактеристики
5. Анализа на постојна состојба
6. Демографија
7. Градежен фонд
8. Постојна инфраструктура
9. насоки за просторен развој од плановите од повисоко ниво
10. Резиме на можности за развој кои произлегуваат од документационата основа.

Графички прилози

1. Извод од ГУП 1 : 5000
2. Извод од ДУП 1 : 1000
3. Намена на површини, инвентаризација на објекти и инфраструктура
   - постојна состојба 1: 1000

Член 3

Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.
Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. 24-181/1 од 09.02.2005 година од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 237/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАД ПРИЛЕП ЗА УАЕ 9, УРБАН БЛОК 9/1 ЗА КВАРТ 3 И ДЕЛ ОД КВАРТ 4**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп за УАЕ 9, Урбан блок 9/1 за кварт 3 и дел од кварт 4, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргапоски

Врз основа на член 22 став 3 и 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 4/96,28/97, 18/99 76/99, 53/2001 и 45/02), член 22 став 1

точка 1 и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 14 став 1, точка 1 и член 26 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гласник на Општина Прилеп бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 15.02.2005година донесе :

**О Д Л У К А**

За донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп за Урбан блок 9/1 за кварт 3 и дел од кварт 4

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план за град Прилеп, за Урбан блок 9/1, за кварт 3 и дел од кварт 4, како што е означено во графичките прилози кои се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот означен како Урбан блок 9/1, за кварт 3 со граници: ул."Марксова", ул."Мице Козар", ул."Борис Кидрич" и бул. "Маршал Тито" и дел од кварт 4 со граници : у. "Борис Кидрич", ул. "11-ти Октомври" и новопланирана улица 1.

Член 2

Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

- Извод од Програмата каде е предвиден планот да се изработува :

Програмата за донесување, изменувања и дополнивања на Урбанистичките планови во Општина Прилеп за 2003/2004год.

- Нацрт план на ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/1 од 02.04.2004год.
- Стручна ревизија на Нацрт планот, ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/2 од 02.04.2004год.
- Извештај за постапување по стручната ревизија - Одговор на стручната ревизија на Нацрт планот; ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/3 од 02.04.2004год.
- Стручно мислење од Секторот за уредување на просторот при Министерството за транспорт и врски, по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/5 од 20.05.2004год.
- Стручно мислење од Главниот архитект на градот, по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/10 од 21.07.2004год.
- Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 08-966/2 од 21.07.2004год.

- Соопштение за организирање на Јавна анкета по Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/13 од 22.07.2004год.
- Извештај за Јавната анкета за Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/16 од 28.09.2004год.
- Известување за постапување по Извештајот за Предлог планот ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-437/18 од 27.12.2004год.
- Брање на согласност бр. 24-437/19 од 28.12.2004год.
- Враќање на документација поради неусогласеност на урбаните модули 4.1; 4.2; 4.3; 4.4 и 4.5 во кварт "4"со предлог за изземање на тие модули од ДУП бр. 24-119/1 од 31.01.2005.
- Извештај за Јавната анкета, корегиран, за Нацрт планот - ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски" и Бул. "Маршал Тито", бр. 24-119/3 од 31.01.2005год.
- Известување за постапување по Извештајот, по враќањето на документацијата за Предлог планот ДУП на Прилеп за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1, кварт 3 и 4 со граници : ул." Марксова ". ул. "Мице Козар", ул. "11 Октомври", ул. Јоска Јорданоски"и Бул."МаршалТито",бр.24-119 /4од 31.01.2005год.
- Согласност од Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот Скопје бр. 24-119/6 од 08.02.2005год.
- Комплетен примерок од Предлог планот, ДУП на Прилеп за Урбан блок 9/1, за кварт 3 со граници: ул."Марксова", ул."Мице Козар", ул."Борис Кидрич" и бул. "Маршал Тито" и дел од кварт 4 со граници : у. "Борис Кидрич", ул. "11-ти Октомври" и новопланирана улица 1. бр. 24-119/2 од 31.01.2005год.

**ДУП за УАЕ бр.9 - Урбан блок 9/1 - кварт 3 и дел од кварт 4 - Прилеп**

- Планиран развој -

Текстуален дел :

1. Вовед
2. Граници и површина на опфат
3. Просторен концепт

4. Поделба и нумерација на урбани модули

5. Намена на површини со билансни показатели по урбани модули

6. Сообраќајно решение

7. Нивелманско решение

8. Мерки за заштита

9. Електро-енергетика и ПТТ инсталации

10. Хидротехничка инфраструктура

11. Основни праметри за уредување на просторот

Графички дел

1. Синтезен приказ 1:1000
- намена на површини,
- парцелација, зони за градба и дозволени висини

2. Синтезен приказ (инфраструктурни системи) 1: 1000

- Документациона основа - прилог на планот-за УБ 9/1 кварт 1и 2 и кварт 3 и 4.

Текстуален дел :

11. Цел, значење и метод на изработка на проектот
12. Хронологија на планирање на просторот
13. Местоположба, граници и површина и сообраќајна поврзаност
14. природни карактеристики
15. Анализа на постојна состојба
16. Демографија
17. Градежен фонд
18. Постојна инфраструктура
19. насоки за просторен развој од плановите од повисоко ниво
20. Резиме на можности за развој кои произлегуваат од документационата основа.

Графички прилози

1. Извод од ГУП 1 : 5000
2. Извод од ДУП 1 : 1000
3. Намена на површини, инвентаризација на објекти и инфраструктура

- постојна состојба 1: 1000

Член 3

Планот се заверува во рок од 8 дена од денот на донесувањето.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши Претседателот на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Планот ќе го спроведува Министерството за транспорт и врски - Подрачна единица Прилеп, врз основа на добиената Соглсност бр. бр. 24-119/6 од 08.02.2005год. од МТВ - Сектор за уредување на просторот Скопје и оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука со заверен примерок од донесениот План се доставува до Министерството надлежно за работите на уредување на просторот.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 237/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТНИ СРЕДСТВА ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА НА ЈРП ЦПРТВ - ПРИЛЕП

1. Одлуката за одобрување на интервентни средства за набавка на опрема на ЈПР ЦПРТВ - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02. 2005 година, претресувајќи го Барањето за одобрување интервентни средства за набавка на опрема на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп,

## О Д Л У К А
за одобрување на интервентни средства

Член 1

Се одобруваат интервентни средства за набавка на опрема на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп во износ од 310.000,оо денари.

Член 2

Средствата да се исплатат од средствата за резерви на Буџетот на Општина Прилеп за 2005 година.

Член 3

Одлуката да се достави до Градоначалникот, ЈРП ЦПРТВ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

Член 4

Одлуката ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 -237/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп

1. Се дава согласност на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, директорот на ЈП за ПУП - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 237/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈП ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ПРИЛЕП**

1.Заклучокот по Решението за давање согласност на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/7-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02.2005 година, претресувајќи го Решението за давање согласност на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови - Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
по Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови - Прилеп

1. Се задолжуваат сите јавни претпријатија формирани од Општината, во најкраток можен рок, да извршат измени и дополнувања на своите статути во делот за определување на надоместокот на членовите на управните одбори и на одборите за контрола на материјално-финансиското работење во насока, надоместокот да го определува основачот на предлог на Управниот одбор.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот, сите јавни претпријатија основани од Општината и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 -237/8-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Прилеп     Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЕЃУОПШТИНСКОТО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН, ЦВРСТ И ТЕХНОЛОШКИ ОТПАД**

1. Решението за именување член на Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален , цврст и технолошки отпад, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/8     ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година     на Општина Прилеп
Прилеп     Сашо Пиргалоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Управен одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален , цврст и технолошки отпад**

1. За член на Управниот одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален , цврст и технолошки отпад, се именува:

- БОРИС РИСТЕСКИ, дипломиран правник.

2. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот, Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален, цврст и технолошки отпад и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 237/9     ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година     на Советот на Општина Прилеп

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКОТО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН , ЦВРСТ И ТЕХНОЛОШКИ ОТПАД**

1. Решението за именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален , цврст и технолошки отпад , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/9     ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година     на Општина Прилеп
Прилеп     Сашо Пиргалоски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален , цврст и технолошки отпад**

1. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален , цврст и технолошки отпад, се именува:

- КРСТЕ МАКРЕСКИ, дипломиран инжинер по сообраќај.

2. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот, Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален, цврст и

технолошки отпад и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 237/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО ЈРП ЦПРТВ - ПРИЛЕП**

1.Решението за именување член на Надзорниот одбор во ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргановски

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување член на Надзорниот одбор на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп**

1. За член на Надзорниот одборот на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп, на местото на Дијана Урошевиќ, се именува:

- ЉУПЧО СТАВРЕСКИ, дипломиран економист.

2. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот, ЈРП ЦПРТВ - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 237/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2005 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Програмата за работа и превентивни активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Прилеп за 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 269/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.02.2005 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 15.02.2005 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Програмата за работа и превентивни активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Прилеп за 2005 година

1. Се дава согласност на Програмата за работа и превентивни активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општаина Прилеп за 2005 година.

2. Решението да се достави до Градоначалникот, Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот и архивата на Општина Прилеп.

3. Решението ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 237/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
15.02.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

## АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 4/96, 28/97, 18/99, 53/01 и 45/02, член 95 од Законотза локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 14 и член 46 од Статутот
Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

О Д Л У К А
за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 21 - Урбан блок 21/2 урбан модул 1, со граници: ул."Леце Котески", ул."Ленин" (крак), Бул."М.Тито", површина со друга намена и железничка пруга.

Член 1
Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 21 - Урбан блок 21/2 урбан модул 1.

Член 2
Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3
Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4 Врз основа на член 17 став 7 о
Нацртот на Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 21 - Урбан блок 21/2 урбан модул 1, ќе биде изложен на јавно место.

Член 5
Заинтересираните граѓани и правни лица по предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 114/1 ОПШТИНА ПРИЛЕП
27.01.2005 година ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
П р и л е п ГРАДОНАЧАЛНИК
Сашо Пиргановски

## С О Д Р Ж И Н А
## на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 4 од 22.02.2005 година

1. Статут за изменување на Статутот на Општина Прилеп.................. **Стр.1**

2. Одлука за реализација на дел од Планот за градски превоз со мрежа на линии на град Прилеп - поставување на автобуски постојки........................... **Стр.2**

3. Програма за дополнување и изменување на Програмата за урбанистички планови за 2005 година........................................................................................ **Стр.2**

4. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за урбанистичко - архитектонска единица УАЕ - 9, урбан блок 9/1, кварт 1 и 2............................. **Стр.3**

5. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за урбанистичко - архитектонска единица УАЕ - 9, урбан блок 9/1, кварт 3 и дел од кварт 4...... **Стр.5**

6. Одлука за одобрување интервентни средства за набавка на опрема од ЈРП ЦПРТВ - Прилеп.................................................................................................. **Стр.7**

7. Решение за давање согласност на Статутот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп............................................................................ **Стр.7**

- Заклучок по Решението.............................................................................. **Стр.7**

8. Решение за именување на член во Управниот одбор на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад.......................................................................................................................... **Стр. 8**

9. Решение за именување на член на Одборот за контрола на материјалното и финансиското работење на Меѓуопштинското јавно претпријатие за депонирање на комунален цврст и технолошки отпад....................................**Стр.9**

10. Решение за именување член на Надзорниот одбор во ЈРП ЦПРТВ - Прилеп......................................................................................................................... **Стр. 10**

11. Решение за давање согласност на Програмата за работа и превентивни активности на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Општина Прилеп за 2005 година......................................................................... **Стр. 10**

## АКТ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1. **Одлука** за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилепза УАЕ 21 - Урбан блок 21/2 урбан модул 1, со граници: ул."Леце Котески", Ул."Ленин" (крак), Бул."М.Тито", површина со друга намена и железничка пруга........................................................................ **Стр. 11**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.